29864

12926

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник 18 јануари 1983 год. ● стр. 7

**ВО МУЗЕИТЕ НА МАКЕДОНИЈА: ИЗЛОЖБА НА СЛИКАРСТВОТО НА АБОРИЦИНИТЕ**

# УШТЕ ЕДЕН МОСТ НА ЗАПОЗНАВАЊЕ

**● НА ОТВОРАЊЕТО НА ИЗЛОЖБАТА ГОВОРЕА МАТЕЈА МАТЕВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО И МАЈКЛ ВИЛСОН, АМБАСАДОР НА АВСТРАЛИЈА ВО БЕЛГРАД**

**Вчера, во просториите на Музеите на Македонија, во организација на Етнолошкиот музеј на Македонија беше отворена изложба на сликарството на Аборицините на кора од дрво.**

**Во присуство на голем број политички, општествени и културни работници и претставници на Македонската православна црква, на отворањето на изложбата за нејзиното значење во меѓународната културна соработка и за презентираното сликарство, зборуваа Матеја Матевски, претседател на Комисијата за културни врски со странство и амбасадорот на Австријалија во Белград Мајкл Вилсон.**

„Оваа изложба за нас има повеќекратно значење, истакна Матеја Матевски. Пред сè, да ни укаже на богатството на оваа земја, на трагите на материјалната култура на нејзините староседелци (аборицини) и на продолжувањето на нивната жива духовна традиција во северна Австралија и во нејзиното културно општество... Соработката со странство ни овозможува меѓусебно запознавање на културните традиции и на современото творештво на земјите и народите, но оваа изложба ни ја дава, навистина, ретката можност преку специфична техника на сликање и ликовно изразување на кора од дрво, да ни се доближат митовите и легендите, верувањата и животот на Аборицините, укажувајќи едновремено и на нивниот автентичен духовевен живот и ликовен израз, на универзалност на нивното живеење и на нивните пораки" Матеја Матевски зборуваше и за неодамнешната манифестација — „Денови на македонската култура", што Македонците во Австралија ја организираа во Мелбурн, кога покажаа на вредностите создавани од народниот гениј и од областа на современото творештво.

Амбасадорот Мајкл Вилсон повеќе се задржа на самата изложба, објаснувајќи го сликарството на кора од дрво како вековна традиција на Аборицините, кои се и најстарите домородци на Австралискиот континент. „Културата на денешните Аборицини, како и културата на нивните претци наоѓа свој израз во церемонијата и ритуалот и во традиционалната уметност. Во племенските церемонии на Аборицините се повторуваат приказните од времето на соништа-та, од времето пред постоењето на човекот, кога духовите на претците ја населувале земјата, рече амбасадорот Мајкл Вилсон, кој пред широкиот аудиториум на љубители на уметноста, истакна дека 600 луѓе од Аборицините живеат во Оенпели во земјата Арнхем, на крајниот север на Австралија, и дека таму „живеат од пред повеќе од 30000 години, а до доаѓањето на белиот човек пред 100 години, нивниот живот многу се разликувал од животот во предисторискиот период".

Според верувањето на Аборицините „уметноста е медиум преку кој силата и влијанието на духовите се пренесува на секојдневните активности" и дека „уметничките дела се есецијална врска меѓу човекот и духовните претци" па затоа и „секоја слика има посебно значење и историја, а нејзините корени се во верувањата и легендите".

Сликарството на кора од дрво, низ десетици експонати на изложбата покажува само еден аспект од целокупниот креативен процес кај Аборицините.

И во ова сликарство, создадено во Арнихем, видни се неколку сликарски стилови: едни сликари целата кора на



**Експонат од изложбата на сликарството на Аборицините**

дрвото ја потполнуваат со сложени форми преплетени во човечка фигура, или лик на дух, тотемско животно или апстрактен мотив, други — кората на дрвото ја покриваат со црвен или жолт окер, а мотиви им се птици, животни и растенија, трети создаваат сликарски дела каде доминираат духови на едностав на еднонобој на површина. „Сликите на оваа изложба - стои во каталогот, сосем малку се разликуваат во однос на темата и општиот стил од оние од поранешниот период, па дури и од старите сликања на пештерските ѕидови".

Оваа изложба за нас значи откривање на уште една цивилизација, стара, најстара за која се знае (датира со 30.00 години постоење) и која во манирот на своите претци и денес создава сликарски дела на истиот материјал — кора од дрво, како и многу одрмна. Оваа изложба, како и манифестацијата „Денови на македонската култура во Австралија", што кон крајот на минатата година се одржа во Мелбурн, се мошне значајни приредби во запознавањата на корените на современото кај нас и во Австралија.

**О. Сп.**